вишаминка

Интересни и практични совети за секојдневниот живот

РАБОТИТЕ НЕ СЕ СЕКОГАШ ОНАКВИ КАКВИ ШТО ИЗГЛЕДААТ. ШТО САКАМЕ ДА КАЖЕМЕ СО ОВА? НА СИТЕ НАС ДОБРО НИ СЕ ПОЗНАТИ ПРОИЗВОДИТЕ НА ВИТАМИНКА, КАКОВ ИМ Е ВКУСОТ И КОЛКУ УЖИВАМЕ ВО НИВ. ЗА СИТЕ ПРОИЗВОДИ ОД КОЈА БИЛО ПРОИЗВОДСТВЕНА ЛИНИЈА ЗНАЕМЕ ЗА ШТО СЕ НАМЕНЕТИ И ЗА ШТО СЕ КОРИСТАТ. НО, ДЕЛ ОД НИВ ИМААТ И АЛТЕРНАТИВНИ НАЧИНИ НА УПОТРЕБА И МОЖАТ ДА ПОСЛУЖАТ ЗА ЗНАЧИТЕЛНО ДА НИ ГО ОЛЕСНАТ СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ.

Кечап Витаминка

Лесно исчистете ги металните украсни предмети и накит од темните дамки кои се појавуваат со текот на времето. Благодарение на природната киселина на самите домати, дамките се отстрануваат лесно и едноставно.



Брилијант масло за јадење

покрај тоа што маслото Брилијант е совршен додаток на вашите јадења, може да помогне во отстранувањето на оние досадни и тврдокорни остатоци од лепило и селотејп лента. Малку масло на платнена крпа и остатоците ќе нема за само неколку мигови.



витаминка

Витаминка сода бикарбона

измешајте лажичка сода бикарбона со неколку капки лимонов сок и добивате паста за домашно белеење на забите, која помага да се отстрани обојувањето на забите од храната а помага и во борбата против бактерии. Уште еден иновативен начин за користење на содата е избелување на патиките и ѓоноѿ од чевли. Во сад измешајте сода бикарбона и детергент за перење алишта во сооднос 1:2, на оваа мешавина додадете и малку паста за заби. Со четка истријте ѓи патиките и оставете ѓи да се исушат. Потоа исплакнете и патиките повторно ќе блеснат како нови.

Витаминка лимонтус

Покрај вообичаената употреба на лимонтусоѿ за подготовка на јадења и десерти, лимонтусоѿ е ефективен и во отстранување на флеките од биѓор. Раствор од лимонтус и вода е одлично решение на овој секојдневен проблем.

Витеа чаеви

кесичките чај од Витаминка може да помогнат за освежување и отстранување на непријатниот мирис на чевлите и патиките. Ставете ги кесичките чај во чевлите и мирисбата ќе исчезне за кратко време.

Рециклирање на пластичните амбалажи

За пластичната амбалажа од безалуминиумската сода, природниот засладувач стевиа и инстант напитоците Цевитана може да се најде практична употреба наместо нивно фрлање. Покрај интересната употреба со ова и се заштитува животната околина. Пренаменете ги овие амбалажи во мали саксиички за расад на вашите омилени зачини или пак расад за цвеќиња. Можат да бидат искористени и за чување зачини, или пак ситни предмети кои лесно се губат.

витаминка

Витаминка цимет

Циметот во себе содржи catechius кој помага за смирување на симптомите на гадење и лошење во желудникот. Зовријте една лажичка цимет во вода, како подготовка за чај и добивате напиток кој за само 10-тина минути ги олеснува тегобите.

10 примени на содата бикарбона во козметиката

Освен што е позната како прехранбен адитив и средство за чистење во домаќинството, содата бикарбона има многу повеќе намени кога станува збор за хигиената и здравјето.
Во склоп на козметичката примена, содата може да биде додаток на препаратите или дури и да замени голем број од нив.

Пилинг

Доколку измешате сода бикарбона со вода (во сооднос 3:1), ќе добиете одлична смеса за пилинг на лицето, лактите и петиците. Ваквиот пилинг ги отстранува мртвите клетки на епидермисот и кожата добива сјаен изглед.

Хигиена на лицето

Сода бикарбоната со својата зрнеста структура има способност истовремено да ја отстрани шминката длабински и повторно како и со пилингот, да направи чистење на кожата од мртвите клетки. Резултатот е чиста и мазна кожа.

Третман на акни

Како алкална супстанца, содата делува бактерицидно на причинителите на акните. За третман против акни, прво навлажнете ги со вода рацете и лицето, а потоа направете паста од сода. Нежно масирајте го лицето, но не повеќе од 1 минута. Исплакнете со ладна вода и избришете.



Белеење на забите

Ако при секое миење додавате мала количина сода, забите ќе станат значително побели. Мора да најоменеме, да не претерувате со количината, затоа што ќе ја оштетите забната глеѓ, а нити пак да го правите постојано. Направете третман неколку денови по ред, а потоа паузирајте.

Длабинско миење на косата

Додајте малку сода во шампонош и измијте ја косата. Во овој случај содата ги отстранува сите наслаги кои се наталожени на влакното, а освен тоа кожата на главата „дише“ подобро.

Ги омекнува заноктиците

Измешајте сода со вода и нежно масирајте ги нокшите и заноктиците. Потоа, добро исплакнете.

Несакани брадавици

Постојат истражувања кои тврдат дека кога сода бикарбона се измеша со лимонов сок, има способност да отстрани нејосакувани брадавици. Вакватa пастa треба да се нанесува само на зафатеното место. Се остава да се исуши, а потоа се плакни со вода.

Купка за тело

Доволно е да додадете 3-4 лажици сода бикарбона за време на полна купка, за вашата кожа да биде чиста и мазна. Тоа се должи на својството на содата да делува како пилинг и чистач на нечистотии. По завршувањето на купката, важно е темелно да се исплакнете за да се спречи иритирање на кожата.

Купка за стапала

Измешајте 2 мали лажички сода бикарбона со 1 лажиче морска сол, а потоа додајте млака вода. Потопете ги стапалата во купката и оставете ги да стојат околу 20 минути. Содата ќе ги отстрани сите нечистотии од стапалата и ноктите. А, доколку сакате да ги омекнете петиците, направете пилинг со сода.



витаминка

Каснувања од инсекти

Ако на место на кое ве каснал инсект ставите малку паста од сода и вода, чешањето и отокот ќе се намалат.

Совети плус: Содата бикарбона има најдобри својства која е без алуминиум. Ваква сода може да набавите од Витаминка од поголемите маркети.

За крај, доколку имате намера да примените од погореспомнатите третмани, добро едуцирајте се, прво тестирајте со мали количини и внимавајте да не претерате со повторувањата или зачестеноста на третманите. За медицински состојби, задолжително консултирајте се со својот лекар.



Пролетно чистење на кујната со сода бикарбона

Натриум бикарбонат, кој во домаќинствата е познат како сода бикарбона, широко се применува во прехранбената, хемиската индустрија и козметика. Често пати содата ја нарекуваат и бел прав со чудесно дејство и тоа со право! Па, сега ќе ве упатиме како може да ја искористиме за пролетно чистење на кујната.
Содата бикарбона може да се користи како додаток во шампони, при бричење, изгореници, за чистење на мрсни садови и слично.
А кога сме кај кујната еве неколку практични примери за пролетно чистење со содата бикарбона од Витаминка, кои ќе ви бидат од голема корист:



Лесно исчистете ја рерната со помош на сода бикарбона
Чистењето на рерната, некогаш може да биде макотрпно и да ви одземе многу време. За да ја исчистите рерната, посипете сода бикарбона и малку вода, па оставете да стои преку ноќ. Утрото лесно ќе може да ја исчистите рерната без многу трење.

витаминка

За блескаво и чисто стакло на рерната направете паста со сода бикарбона и во да



Сигурно редовно ја чистите рерната на вашиот електричен шпорет, а сепак стаклото на рерната секогаш е наталожено со тврдокорни масноти кои ни малку не е лесно да се отстранат? Не сте единствени кои се соочувате со ваков проблем. Едноставно, во длабок сад ставете - чаша од содата бикарбона на Витаминка, па постепено додавајте малку вода се додека добиете течна паста. Пастата нанесете ја преку целото стакло на вратата од рерната. Оставете ја да делува околу половина час за да омекнат сите тврдокорни масноти. Откако ќе забележите дека смесата почнала да делува, а масните дамките се разлеваат по стаклото, избришете ја пастата прво со мокра, а потоа и со сува крпа.



Темелно исчистете ја кујнската даска за сечкање со сол и сода бикарбона

Од време на време, потребно е кујнската даска темелно да се исчисти. За да ја исчистите темелно, направете паста од една лажичка сол, една лажичка сода бикарбона и малку вода или сок од лимон, а потоа добро истријте ја даската. На крај, исплакнете ја со топла вода.

Помалку миризлива канта за ѓубре



Неутрализирајте го лошиот мирис од кантата за ѓубре со помош на сода бикарбона. Доволно е да посипете сода бикарбона во кантата, а потоа ставете нова кеса. Тоа ќе помогне да се отстрани мирисот.

Исчистете ги загорените тави и тенџерија со помош на сода бикарбона

Со текот на користењето врз тавите за печење се наталожува нечистотија која тешко може да се отстрани. Но постои лесно и брзо решение. Тавите попрскајте ги со содата бикарбона на Витаминка. Со помош на мокра кујнска хартија, добро разнесете ја содата насекаде по површината. Земете малку алуминиумска фолија и стуткајте ја во топка. Со неа добро истријте ги дамките. На крај, тавата измијте ја со детергент за миење садови и вода, а потоа повторете ја постапката доколку е потребно.



Или на друг начин да ги исчистите загорените тави и тенџерија потребни ви се 3 лажици алкохолна киселина, 2 чаши вода и 1 лажица сода бикарбона. Во тавата која ви загорела додајте ги водата и



киселината. Тавата ставете ја на оган и оставете водата да зоврие. Откако водата ќе зоврие додајте ја лажицата сода бикарбона и почекајте водата да стане пенеста. Тавата тргнете ја од огнот, почекајте пената да се намали и отстранете ја течноста. Потоа изгребете ги нечистотиите со рајаваша страна од сунгерот.
На крај, во тавата ставете врела вода и детергент за миење садови. Земете четка и без многу напор отстранете ги преостанатите нечистотии.

Совет плус: Начинот на чистење со сода бикарбона и алуминиумска фолија немојте да го применувате на нелепливи тави и калапи за печење.





вишаминка